Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	Дентална трауматологија			
2.	Код	ОХИДТ3			
3.	Студиска програма	Стручни студии по стоматологија за стоматолошки сестри – орални хигиенолози, I циклус на студии			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ-Стоматолошки факултет –Скопје, Катедра за детска и превентивна стоматологија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегрирани студии од прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	3	семестар	6
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	3			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	проф.д-р Златко Георгиев проф.д-р Ана Сотировска Ивковска			

9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	нема
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели на предметната програма (компетенции): по следењето на теоретска настава и положување на испитот студентот се стекнува со знаења и вештини: - се запознава со карактеристиките на траумите, - етиологија и епидемиологија на повредите на забите, потпорните ткива, коските и меките ткива, - се запознава со класификацијата на повредите во орофацијалното подрачје и протоколот за евиденција, - давање прва помош и терапија на повредите, - препознавање на компликациите кои може да се случат како резултат од повреди на забите и потпорните ткива и нивна терапија
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	***<u>Теоретска настава:</u>*** **Поглавје 1.** 1. Повреди на забите …….1 - класификација - етиологија и епидемиологија на повредите на забите, - згрижување на денталните повреди, - предиспонирачки фактори, - превенција на повредите на забите 2. Проследување и дијагноза на повредените заби, ……. 1 - клинички преглед, - историја на повредата, - рендгенолошко проследување, - тераписки пристап, - пострауматско следење и прогноза 3. Фрактури на забната коронка …….. 2 - инфракција на емајлот, - фрактура на емајл, - фрактура на емајл и дентин без експонирана пулпа, - фрактура на емајл и дентин со експонирана пулпа 4.Фрактури на коронка и корен, фрактури на корен ……..2 - етиологија, - -класификација, - клинички наод, - терапија, - посттрауматско следење и прогноза 5.Повреди на потпорниот апарат на забите 2 - потрес, - сублуксација, - екструзивна луксација, - латерална луксација, - интрузивна луксација, - авулзија *Резултати од поглавје 1 Студентите стекнуваат основни знаења за повредите на забите и потпорните ткива, како тие настануваат, при кои состојби, кои се најчестите повреди и кои заби се*

		засегнати.Студентот се запознава со повредите на потпорните ткива на забите. Се обучуваат како да со земат целосна анамнеза за тоа кога, каде и како настанала повредата, да. извршат клинички преглед кој задолжително треба да биде придружен со рендгенолошко проследување и понатамошно следење на повредените заби. *Се обучуваат како клинички и рендгенолошки да го направат испитувањето, да постават дијагноза и да спроведат соодветен третман според видот на повредата и како се поставува жичано композитен сплинт.* **Поглавје 2** 6. Трауматски повреди на млечните заби ……. 2 - етиологија, фрекфенција, - фрактури на млечни заби, (фрактури на коронка, коронарно-коренски фрактури и фрактури на корен) -повреди на потпорните ткива на млечните заби (потрес, сублуксација, екструзија, латерална луксација, интрузија, авулзија) - посттрауматско слдење и прогноза 7. Компликации од трауматските повреди на забите и потпорните ткива ..... 2 - компликации од трауматски повреди на млечни заби - компликации од трауматски повреди на трајни заби - последици врз трајните заби по траума на млечните заби 8. Естетска реставрација на повредените заби …….. 2 - реставрација преку поврзување на фрактурираниот фрагмент - реставрации со композит - ламинирани фасети 9. Превентива на трауматските повреди на устата и забите, медицинска документација и правна квалификација на трауматските повреди .....1 *Резултати од поглавје 2 Студентот се запознава со трауматските повреди на млечните заби кои доведуваат до фрактура или дислокација на забот.* *Студентот се запознава со кои методи, техники и материјали можат да се корегираат естетските нарушувања на предните заби..* *Студентот се запознава со компликациите кои можат да се јават како последица на трауматските повреди кај млечни и трајни заби, како што се губење на виталитетот, облитерирање на пулпата, ресорпција на коренот и преран губиток на забите* *Студентот се запознава со кои превентивни мерки може да се спречат повредите, како што е штитник за устата при спортување, шлем за возачите на моторциклите, воздушни перничиња во колите. Студентите се запознаваат како да ги едуцираат другите професионалци како да постапат при денталните повреди* **Вкупно .....15 часа** ***<u>Практична настава</u>*** **Од прво поглавје .....8 часа** **Од второ поглавје .....7 часа** **Вкупно .....15 часа**
13	Заемна поврзаност на предметите	Поврзаност со Детска стоматологија
14.		Интерактивна настава, клинички преглед, поставување на дијагноза, рендгенолошко иследување, давање совети за исхрана и хигиена,

	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	санирање на повредите на коронка, лекување на дентална пулпа при нејзино отварање, терапија на коронарно-коренски фрактури и фрактури на коренот, терапија на повредите на потпорните ткива на забите, поставување на жичано композитен сплинт, лепење на фрагмент, терапија на трауматските повреди на млечните заби и компликации од трауматските повреди, естетска реставрација на повредените заби.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	**90 часа**		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	**15 часа**
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	**15 часа**
		16.3.	Пракса: часови	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	
		17.2.	Самостојни задачи: часови	
		17.3.	Домашно учење - задачи	**60 часа**
18	Услови за потпис	Да има 60% од бодовите предвидени за предавања и вежби		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови	30	
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	10	
	19.3.	Завршен испит: бодови	60	
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 59 бода	5 (пет) (F)	
		од 60 до 68 бода	6 (шест) (E)	
		од 69 до 76 бода	7 (седум) (D)	
		од 77 до 84 бода	8 (осум) (C)	
		од 85 до 92 бода	9 (девет) (B)	
		од 93 до 100 бода	10 (десет) (A)	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Самоевалуација од страна студентите, контрола на асистентите и проценка на постигнатиот успех на студентите, како и проодноста на студентите кои го положиле предметот		

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Ѓоргиевска Е. и сор.	Детска стоматологија	ArsLamina,	2022
		2.	Бајрактарова Б.	Дентална трауматологија	Скенпоинт, Скопје	2006
		3.	Белоица Д, Вуловиќ М, Дугал М.	Повреде зуба	Стоматолошки факултет Универзитета у Београду	2007
		4.	Д. Марковиќ и сар.	Повреде зуба – водич за свакодневну клиничку праксу	Стоматолошки факултет Универзитета у Београду	2012
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година

		1.	Jens O. Andreasen, Leif K. Bakland, Maria Teresa Flores, Frances M. Andreasen, Lars Andersson	Traumatic Dental Injuries: A Manual, 3rd Edition	Wiley-Blackwell	2011
		2.				
		3.				